Цементарница УСЈЕ во склоп на Групацијата ТИТАН го потпиша Пактот за поддршка на младите на Европската унија (“Pact for Youth”), за зајакнување на партнерството помеѓу компаниите и образованието, а во насока на зголемување на можностите за вработување на младите талентирани луѓе.

Како дел од Програмата за поттикнување на вработување и развој на млади таленти, Цементарница УСЈЕ објавува

**КОНКУРС**

**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ЦЕЛОСНИ СТИПЕНДИИ ЗА ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ**

**на Факултетот за деловна економија и организациски науки,**

**Универзитет Американ Колеџ Скопје**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Цементарница УСЈЕ АД Скопје е општествено одговорна компанија, која меѓу другото, придонесува кон развој на човечкиот капитал и потенцијал во Република Македонија. За таа цел, Цементарница УСЈЕ АД Скопје во соработка со Универзитет Американ Колеџ Скопје (УАКС) за академската 2019/2020 година доделува целосни стипендии за постдипломски студии на Факултетот за деловна економија и организациони науки.

## 2. УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА

Право на стипендија имаат сите кандидати кои ги исполнуваат следните услови:

1. Да се државјани на Република Македонија;
2. Да имаат просек од минимум 8 во текот на додипломските студии;
3. Одлично познавање англиски јазик;
4. Висока мотивација и интерес за постдипломски студии.

Потребни документи за конкурсот:

1. Копија од потврда за државјанство;
2. Копија од уверение / диплома за завршени додипломски студии и просек;
3. Потврда за одлично познавање на англиски јазик;

4. Две препораки;

5. Мотивациско писмо и биографија.

**3. НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ**

Кандидатите кои се пријавуваат на конкурсот треба да пополнат пријава која е објавена на веб страната www.usje.com.mk на Цементарница УСЈЕ и да ги прикачат потребните документи **почнувајќи од 02.10.2019 година до 25.10.2019 година.**

**4. Селекција**

Селекцијата и рангирањето ќе бидат направени од страна на Цементарница УСЈЕ АД Скопје и Универзитетот Американ Колеџ Скопје. Само избраните кандидати за интервју ќе бидат контактирани.

*Цементарница УСЈЕ обезбедува еднакви можности и позитивно ги поттикнува соодветно квалификуваните кандидати без оглед на пол, раса, возраст, хендикеп, сексуална ориентација, религија или убедување.*